Врз основа на член 4 од Законот за заштита на укажувачи ("Службен весник на Република Македонија" бр.196/15, 35/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр 25/20) и член 20 и 51 од Статутот на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, и член 14 од Деловникот за работа на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Управниот одбор на Друштвото на состанокот одржан на 27.07.2026 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ЗАШТИТЕНО ВНАТРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ
# (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

## Општи одредби

### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот и постапката за заштитено внатрешно пријавување, правата на укажувачите, како и постапувањето и должностите на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје (во натамошниот текст: Друштвото) во врска со заштитено пријавување и обезбедувањето заштита на укажувачите.

### Член 2

Овој Правилник за заштитено внатрешно пријавување се однесува на:

- сите вработени лица во Друштвото,
- кандидат за вработување или кандидат за волонтер во Друштвото,
- лице кое е или било волонтер или практикант во Друштвото,
- лице кое по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа од Друштвото,
- лице кое по било кој основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со Друштвото,
- лице кое користи или користело услуги во Друштвото.

## Овластено лице за прием на пријави од укажувачи

### Член 3

Заштитено внатрешно пријавување укажувачот врши усно на записник или во писмена форма до Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи.

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во АД ЕСМ-Скопје, со Одлука, го назначува Генералниот директор на друштвото.

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи треба да ги исполнува следниве услови:

- да е лице со работен однос во друштвото;
- да има завршено високо образование во областа на правните, безбедносните или економски науки;
- доколку поседува безбедносен сертификат со степен во зависност од степенот на класификацијата на информациите со кои располага Друштвото, ќе се цени за предност при избор.

**Член 4**

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи треба да ги има следните услови за прием на пријавите:

- опрема и простор за работа соодветен за прием на странки;
- посебен компјутер обезбеден со единствено корисничко име и лозинка креирана од овластеното лице и позната само нему, со интернет конекција и посебно електронско сандаче за електронска пошта обезбедено со единствено корисничко име и лозинка креирана од овластеното лице и позната само нему;
- посебен приемен штембил, деловодник, посебно поштенско сандаче, посебна телефонска линија;
- соодветно обезбеден ормар за безбедно чување на примените пријави, записниците, примените и создадените документи и други материјали во врска со заштитеното пријавување, посебниот деловодник и приемниот штембил;
- друга опрема за примена на техничките и организациски мерки за заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави.

**Член 5**

Друштвото ги доставува до Државната комисија за спречување на корупцијата, следните податоци за овластеното лице за прием на пријави од укажувачи:

- име и презиме,
- работно место,
- телефонски број за контакт,
- поштенска адреса и адреса на електронска пошта за прием на пријави.

Податоците од ставот 1 на овој член се објавуваат на огласните табли и на веб-страната на Друштвото.

**Член 6**

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно редовно да доставува полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Извештајот од став 1 на овој член задолжително го содржи следново:

1.Општи статистички податоци:

а) вкупен број на примени пријави;

б) број на примени пријави, по следниве параметри:

- форма и начин на достава на пријава (усна на записник, писмено по пошта, писмена по електронска пошта),
- пријавено казниво односно недозволиво постапување,
- категорија на лица во својство на укажувач,
- позиција/работно место на пријавени лица,
- доверливи укажувачи,
- анонимни укажувачи,

в) вкупен број на укажувачи;

г) број на анонимни укажувачи;

д) број на доверливи укажувачи;

ѓ) број на пријави кои се проследени до надлежни институции;

е) број на пријави по кои Друштвото постапило во рамки на своите надлежности.

2. Податоци за оформени предмети по примени пријави:

а) вкупен број на примени пријави;

б) број на примени пријави, по следниве параметри;

- форма и начин на достава на пријава (усна на записник, писмено по пошта, писмена по електронска пошта),
- пријавено казниво односно недозволиво постапување,
- категорија на лица во својство на укажувач,
- позиција/работно место на пријавени лица,
- доверливи укажувачи,
- анонимни укажувачи,

в) вкупен број на укажувачи кои доставиле пријави по кои се оформени предмети;

г) број на анонимни укажувачи кои доставиле пријави по кои се оформени предмети;

д) број на доверливи укажувачи кои доставиле пријави по кои се оформени предмети;

ѓ) број на предмети оформени по примени пријави;

е) преземени мерки за постапување по примените пријави;

ж) статус на предметите оформени по примени пријави и исход од постапување по предметите.

**Начин и постапка на заштитено внатрешно укажување**

**Член 7**

Заштитено пријавување укажувачот врши во Друштвото, кога укажувачот има сомневање или сознание дека е извршено, се врши или ќе се изврши казниво дело или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Укажувачот не е должен да ја докажува добрата намера и вистинитоста на пријавувањето од ставот 1 на овој член.

На укажувачот му се обезбедува заштита согласно закон и му се гарантира доверливост.

**Член 8**

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно:

- да постапува по пријавувањето со почитување на процедурите утврдени со овој Правилник за заштитено внатрешно пријавување,
- да ги заштити личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој пријавува анонимно или доверливо, согласно прописите за заштита на личните податоци,
- да го информира укажувачот кој е познат, за преземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

**Член 9**

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи врши прием на пријави доставени директно до него од укажувач заради заштитено внатрешно пријавување согласно закон (во натамошниот текст: пријава), поединечно или групно, во писмена форма доставени лично или преку посебното поштенско или електронско сандаче или усно на записник.

Заведувањето на примените пријави овластеното лице за прием на пријави од укажувачи го врши со ставање посебен примен штембил и евидентирање во посебниот деловодник.

**Член 10**

Доколку пријавата е добиена усно, овластеното лице за прием на пријави од укажувачи составува записник во кој се содржани следните податоци:

- податоци за укажувачот: име и презиме, категорија на лице кое согласно овој Правилник може да се јави во својство на укажувач ;

- податоци за лицето односно субјектот против кој укажувачот пријавува;
- опис на казниво или друго незаконито и недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес;
- начин и форма на комуникација помеѓу овластеното лице и укажувачот, предложени од укажувачот;
- прилози;
- датум и место на прием на пријавата.

Записникот сверачно го потпишуваат овластеното лице за прием на пријави од укажувачи и укажувачот и со самото потпишување го потврдуваат совпаѓањето на податоците од усната пријава во содржината на записникот. Записникот се заведува како примена пријава. (Прилог: Образец на записник)

**Член 11**

Доколку пријавата е доставена во електронска форма на носач на електронски запис односно по електронски пат, овластеното лице за прием на пријави од укажувачи го печати записот кој одговара на пријава според содржината, и испечатеното со прилози добиени во форма на електронски записи го заведува како примена пријава.

**Член 12**

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи истиот ден по приемот ја заведува пријавата со сите прилози, ја разгледува, ја проучува нејзината содржина и постапува согласно закон.

По приемот и заведувањето на пријавата овластеното лице за прием на пријави од укажувачи без одлагање врши проценка на содржината на пријавата за да утврди дали истата е логична и разумна, дали претставува пријава од укажувач согласно Законот за заштита на укажувачи како и дали пријавата содржи доволно елементи за да биде проследена за понатамошно постапување.

По извршување на проценката од ставот 2 на овој член овластеното лице за прием на пријави од укажувачи донесува заклучоци за понатамошно постапување по пријавата кои се однесуваат на потребното преземање мерки за постапување по пријавата.

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи може да побара дополнителни информации од укажувачот доколку е познат и да се консултира со други лица, а при тоа да внимава на заштита на идентитетот на укажувачот.

За преземените дејствија, овластеното лице без одлагање го известува укажувачот доколку е познат.

**Член 13**

За наводите од содржината на пријавата и заклучоците, овластеното лице за прием на пријави од укажувачи без одлагање го известува Генералниот директор на Друштвото.

По исклучок, доколку овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во вршењето на проценката од ставот 1 на овој член, констатира дека наводите од содржината на пријавата непосредно или посредно се насочени против Генералниот директор на Друштвото, пријавата ја проследува до надлежната институција согласно закон.

**Член 14**

Во случај предмет на пријавата да е кривично дело сторено против државата, човечноста и меѓународното право, од областа на организараниот криминал и за кое со Кривичниот законик е пропишана казна затвор од најмалку четири години, чие што докажување е проследено со несразмерни тешкотии или пак не може да се изврши без исказ на укажувачот, кој пак заради можната опасност да биде изложен на заплашување, закана со одмазда или опасност по животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имот од поголем обем, не се согласува во својство на сведок да даде исказ, овластеното лице за прием на пријави од укажувачи со прибавена писмена согласност од укажувачот без одлагање доставува:

- до Министерството за внатрешни работи или надлежниот Јавен обвинител иницијатива за доставување писмено барање за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно Законот за заштита на сведоци, или
- до Јавниот обвинител на Република Македонија иницијатива за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно со Законот за заштита на сведоци.

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи за преземните дејствија од овој член, истовремено го известува укажувачот, доколку е познат.

**Права и заштита на укажувачите**

**Член 15**

Се забранува откривање или овозможување откривање на идентитет на укажувач, без негова согласност, освен кога тоа се бара со судска одлука кога е неопходно потребно за водење на постапка пред надлежен орган.

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно да ги заштити податоците за укажувачот, односно податоците врз основа на кои може да се открие идентитетот на укажувачот, освен ако укажувачот се согласи на откривање на тие податоци, а во согласност со закон со кој се уредува заштитата на личните податоци.

Секое лице кое ќе ги дознае податоците од ставот 1 на овој член е должно да ги штити тие податоци.

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно во текот на примањето на информациите да го извести укажувачот дека неговиот идентитет може да биде откриен на надлежниот орган, како и да го извести за мерките за заштита на учесникот во кривичната постапка.

За откривањето на идентитетот на укажувачот врз основа на донесена судска одлука, овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно да го извести укажувачот пред откривањето на идентитетот.

Податоците од ставот 1 на овој член не смеат да се откријат на лицето за кое се укажува во информацијата.

**Член 16**

На укажувачот и на нему блиско лице им се обезбедува заштита од било каков вид на повреда на право, при утврдување одговорност, санкција, престанок на работен однос, суспензија на работно место, распоредување на друго работно место кое е понеповолно, дискриминација или штетно дејствие или опасност од настапување на штетни дејствија заради извршеното заштитено внатрешно пријавување.

Заштитата од ставот 1 на овој член се обезбедува од страна на Друштвото со преземање дејствија да се спречи повреда на правата од работен однос или на кое било право и воздржување од дејствија со кои се повредува или загрозува било кое право на укажувачот заради извршеното пријавување.

Доколку не е обезбедена заштитата, укажувачот за ова пријавува во Државната комисија за спречување на корупцијата, Народниот правобранител на Република Македонија, Инспекцискиот совет, Министерството за внатрешни работи и до Јавното обвинителство на Република Македонија, кои по пријавата без одлагање постапуваат согласно со своите надлежности.

Правото на заштитата од овој член ги опфаќа и лицата кои ќе сторат веројатно дека оној кој е пријавен може да се сомнева дека извршиле пријавување против него.

**Член 17**

Заштитено пријавување укажувачот може да врши и со пријавување до Министерството за внатрешни работи, надлежното Јавно обвинителство, Државната комисија за спречување на корупцијата, Народниот правобранител на Република Македонија или други надлежни институции, односно правни лица, доколку:

- внатрешното пријавување е непосредно или посредно насочено против Генералниот директор на Друштвото,

- укажувачот во врска со пријавувањето не добие информација за преземените мерки во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата или
- не се преземени мерки или укажувачот не е задоволен од постапувањето или се сомнева дека нема да се преземат мерки или дека внатрешното пријавување ќе предизвика штетни последници по него или по негово блиско лице (во натамошниот текст: заштитено надворешно пријавување).

**Член 18**

Укажувачот има право на судска заштита пред надлежен суд согласно со закон.

Укажувачот може пред надлежен суд со тужба да побара:

- утврдување дека е преземено штетно дејствије или е повредено право заради заштитено пријавување;
- забрана на вршење на штетно дејствие или повреда на право и повторување на штетно дејствие или повреда на право заради заштитено пријавување;
- поништување на акт со кое е извршено штетното дејтвие или повреда на право заради заштитено пријавување;
- отстранување на последиците од штетно дејствие или повреда на право заради заштитено пријавување;
- надоместок на материјална и нематеријална штета заради заштитено пријавување.

**Член 19**

Укажувачот има право на надомест на штета што може да ја претрпи тој или нему блиско лица поради заштитено внатрешно пријавување.

Барањето за надомест на штета од ставот 1 на овој член се остварува со поднесување на тужба до надлежниот суд.

**Член 20**

Злоупотреба на пријавувањето на укажувачот е свесно пријавување невистинити информации за физичко или правно лице со цел предизвикување на штетни последици за истото.

Злоупотреба на пријавувањето на укажувачот е и доколку со должно внимание и совесно, до степен до кој тоа го дозволуваат околностите, не проверил дали тие се точни и веродостојни.

Со утврдување на злоупотребата од ставовите 1 и 2 на овој член се губи заштитата обезбедена согласно со Законот за заштита на укажувачи.

Злоупотребата на пријавувањето на укажувачот поради која настанале штетни последици за физичкото или правното лице е основ за поведување на постапка за утврдување на негова одговорност согласно закон.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 21**

За сè што не е уредено со овој Правилник ќе се применува законската и подзаконската регулатива на Република Македонија која го уредува предметот на овој Правилник.

**Член 22**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува од денот на објавувањето во Службениот гласник на АД Електрани на Македонија, во државна сопственост - Скопје.

**УО бр.02-4753/196/4.1**
**27.07.2026 година**
**Скопје**

**Претседател,**
**м-р Лазо Узунчев**